View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

brought to you by CORE

provided by UGD Academic Repository

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ**

по повод 60 годишнината од своето постоење, организира

научната конференција на тема

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НАУКАТА ВО ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ-СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ

30 мај, 2012 (среда), 9:30 часот

хотел Холидеј Ин, Скопје

Сала: Милениум 2

# ЕКОНОМИЈАТАНА ТУРИЗМОТ И НЕЈЗИНОТО ИЗУЧУВАЊЕ НА ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ ЗА ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Марија Ацковска,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски институт,Скопје, Република Македонија
**Неда Петроска Ангеловска,**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски институт,Скопје, Република Македонија
**Дејан Методијески,** Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, Република Македонија
**Оливер Филипоски,**Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, Република Македонија

**Abstract**

The aim of the paper is to present the role of higher education in the process of studying the economics of tourism as a base for acquiring knowledge necessary for stimulation and amplification of the growth of tourism industry. For that purpose a review of the modules taking into consideration the economic aspect of tourism will be presented. Special attention will be given to observation of the economic modules embedded in the study programs of undergraduate studiesat the Faculties of Tourism in the Republic of Macedonia. In addition, comparative analysis will be performed between the similar modules in selected faculties providing their services in some of our neighboring countries with the modules offered by the domestic faculties. This paper will devote special attention to the importance of the research activities in the area of tourism, conducted by development oriented economists for the purpose of developing the science of economics of tourism. Moreover, modern tendencies and perspectives of the economics of tourism under the community based knowledge will be presented.

**Key words:** economy, tourism, higher education, Republic of Macedonia

## ВОВЕД

Под изразеното влијание на процесот на глобализацијата дојде до низа промени, од политички до техничко-технолошки, кои во голема мера успеваат да ја трансформираат светската економија, а со тоа и туризмот. Во таква консталација на односи, кога приматот во создавањето на вредности го има знаењето, а не материјалните средства, стандардните процеси во развојот на туризмот се претвараат во процеси на знаења. Како резултат на тоа доаѓа и до потреба од промена на квалификационата структура на вработените, при што неквалификуваните и формално приспособените работници треба да се заменат со високо-образовани профилирани кадри. Со тоа би се зголемил удделот на знаењето во креирањето на новосоздадените вредности, обележувајќи го туризмот како современ феномен кој може да се карактеризира како “туризам на знаење“

Во тој контекст треба да се истакне улогата на високо образовните институции од областа на туризмот во профилирањето на стручни кадри со знаења адекватни на современите тенденции. Оттука како неопходност се јавува потребата од изучување на сите релевантни економски аспекти на туризмот, бидејќи само на тој начин тие би можеле успешнода се справат со промените кои задираат во сите сектори на економијата, а со тоа и во туризмот.

## 1. ПОТРЕБА ОД ИЗУЧУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ТУРИЗМОТ

Туризмот претставува една од малкуте успешни приказни на денешното време. Индустријата, која ја започна својата масовност во 50-тите години на минатиот век, се зголемува брзо и сигурно во изминатите 60 години во однос на приходите што ги остварува и бројот на луѓето кои се вклучуваат во турситичките активности. Ако се земат предвид сите претпоставки за успешен иден развој на туризмот (според Светската туристичка организација – World Tourism Organisation, меѓународните

туристички патувања во 2011 година ја достигнале бројката од 980 милиони, во споредба со 25,5 милиони во 1950 година[1]), со сигурност може да се каже дека туризмот ги надминува повремените состојби на криза и се очекува да оствари значајно темпо на развој, гледано не само од квантитативно, туку и од аспект на квалитетот.

Туризмот денес е социјален, економски и културен феномен кој што влијае на многу начини врз развојот на човечкото општество. Тој може да биде алатка за постигнување на економски развој кај неразвиените и земјите во развој. Се повеќе држави и нивните влади ја препознаваат важната улога која туризмот ја има во генерирањето напотребните девизни приходи, создавањето на работни места и придонесот во зголемувањето на даночните приходи.

Денес туризмот претставува показател за нивото на развој на нашата цивилизација, за некои луѓе е начин за подигање на културното ниво и обновување на здравјето или забава, а за други можност за заработка (во 2008 г., 8,4% од вработените во светот се во туризмот[2]), но треба да се одбележи дека неговото дефинирање и критериуми за поделба подлежат на постојано дополнување со оглед на постојаниот развој и комплексноста на туризмот (Денис Тито, прviews турист во вселената[3], 2001 г.).

Во научната литература, се среќаваат повеќе автори кои даваат своја дефиниција за туризмот во зависност од полето во кое делуваат и науката на која и припаѓаат. Економистите се занимаваат со приходите остварени од туризмот, економскиот раст, понудата и побарувачката, вработеноста и други економски показатели. Некои од првите книги кои го обработуваат економскиот аспект на туризмот се напишани во 30-тите години на минатиот век, „The tourist movement – an economic study" од Oglivie и „The tourist industry, a national and international survey" од Norval[4]. Социолозите пак, го изучуваат однесувањето на индивидуите или групите при патувањето, обичаите, традициите, навиките и начинот на живот на домаќините и гостите. Првите трудови поврзани со туризмот кои биле напишани од страна на социолози, Cohen ги пронаоѓа кон крајот на XIX век и почетокот на XX век[5]. Географите од своја страна го истражуваат просторниот опфат на туризмот, локациите за патување, ресурсите, географските услови за постоење на туризмот итн. Слични примери можат да се посочат и за останатите науки.

Во суштина, туризмот претставува комплексна општествено економска категорија и неговото целосно разбирање подразбира интердисциплинарен пристап при изучувањето на материјата релевантна за современиот туризам. Управувањето со развојот на туризмот подразбира свесно делување на однесувањето на конкретната појава со одредена јасно дефинирана цел. За тоа да се постигне треба да се знае како, односно да се располага со соодветни вештини и знаења кои се организирани и насочени кон појавата или процесот со кој што се управува. Оттука, изучувањето на економијата на туризмот е и треба да биде интегрирана во наставните програми на високо научните институции од областа на туризмот во Република Македонија, а економските предмети што се изучуваат во рамките на студиските програми од овој домен треба да ја третираат проблематиката релевантна за синергиската врска меѓу туризмот и економскиот развој, но и развојотт воопшто и воедно да го афирмираат пристапот за развој на туризмот базиран на научни сознанија.

## 2. ИЗУЧУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ТУРИЗМОТ НА ВИСОКО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Поминати се повеќе од 40 години од кога туризмот за прв пат се појавил како посебно поле за изучување на високо образовните институции[6]. Економијата на туризмот е предмет кој рапидно се шири во последните две декади, што делумно би можело да се објасни со генерално зголемениот интерес за истражување во туризмот. Слична е тенденцијата и во Република Македонија, каде се бележи зголемен интерес за изучувањето на туризмот и соодветно на тоа, развој на програми кои ќе овозможат стекнување на специфични и апликативни знаења и вештини во тој домен.

---

[1]http://media.unwto.org/en/press-release/2012-01-16/international-tourism-reach-one-billion-2012
[2]Goeldner, R., Brent, R., „Tourism: principles, practices, philosophies", John Wiley and Sons, 2009
[3]Novelli, M., ed., "Niche tourism: contemporary issues, trends and cases", Butterworth-Heinemann/Elsevier, 2005
[4]Kumar, J.L., „The encyclopedia of tourism in 21st century", Anmol Publications PVT.Ltd., New Delhi, 2005
[5]Cohen, E., „The sociology of tourism: approaches, issues and findings", Annual review of sociology, Vol.10, p.373, 1984
[6]Airey, D., Tribe, J., eds., „An international handbook of tourism education", Elsevier, 2005

Во Република Македонија постојат шест Универзитети во чиј состав има Факултети и насоки на кои се изучуваат предмети од областа на туризмот, угостителството и гастрономијата.Од нив четири се државни, а два се приватни.[7] Насоките поврзани со туризам на пет од овие шест Универзитети се отворени во последните шет години.

Сите Факултети кои во студиските програми го третираат туризмот, како основна насока ја имаат насоката Туризам. Факултетот за туризам и бизнис логистика ги има и насоките Гастрономија, исхрана и диететика и Хотелско-ресторанска, што е идентично како ипри Факултетот за туризам и угостителство. Извесни разлики кај насоките постојат кај Факултетот за туризам од Скопје кој има насока за Спортски туризам, Универзитетот МИТ каде има насока Менаџмент на еколошки и рурален туризам, а Универзитетот во Тетово има насока Хотелски менаџмент. Единствено, при Институтот за географија при Природно математичкиот факултет во Скопје има само една општа насока - Туризам.

Програмите и предметите кои се изучуваат на насоките туризам, на шесте Универзитети, се слични една на друга со исклучок на неколку предмети, кои се застапени во некоја, а ги нема во останатите програми. На сите Факултети, програмите се усогласени со принципите на Болоњската декларација со применување на европскиот – кредит трансфер систем и современиот начин на организирање на наставата (интерактивни предавања, презентации, изработка на проекти, семинарски работи, студии на случај и.т.н.).

Табела 1.

**Универзитети во Република Македонија на кои има Факултети и насоки од областа на туризмот**

| Универзитет | Факултет | Насока |
|---|---|---|
| „Гоце Делчев”, Штип | 1. Туризам и бизнис логистика | 1.Туризам<br>2.Гастрономија, исхрана и диететика<br>3.Хотелско-ресторанска |
| „Св. Климент Охридски”, Битола | 1. Туризам и угостителство | 1.Туризам<br>2.Гастрономија<br>3. Гастрономија, исхрана и диететика<br>4.Хотелско - ресторанска |
| „Тетовски Државен Универзитет”, Тетово | 1. Економски факултет | 1.Туризам<br>2. Туристички менаџмент |
| „Св. Кирил и Методиј”, Скопје | 1. Природно математички факултет, Институт за Географија | 1.Туризам |
| „Универзитет за туризам и менаџмент”, Скопје<br>(приватен Универзитет) | 1. Туризам,<br>2. Спортски туризам | 1.Туризам<br>2.Спортски туризам |
| „МИТ Универзитет”, Скопје<br>(приватен Универзитет) | 1. Еколошки и рурален туризам,<br>2. Академија за гастрономија | 1. Менаџмент на еколошки и рурален туризам<br>2. Академија за гастрономија |

Извор:Официјалните веб страни на овие институции, 2012 г. и брошури земени од штандовите на Саемот за образование 2012 г.

Во перспектива, се очекува да се зголеми бројот на насоките кои се изучуваат на Факултетите кои се поврзани со туризмот, како во странство, така и во Република Македонија. Ваквата тенденција се јавува поради постојаните промени во туристичката гранка кои влијаат и на промените во високото образование[8].

Како споредба во Велика Британија во 1991/2 година имало 15 Високо образовни институции кои имале 22 насоки поврзани со туризмот. Во 1997/8 година веќе имало 50 Високо образовни институции, кои

[7] Во истражувањето се земени предвид само насоки во склоп на Факултетите на кои има насоки поврзани со туризмот.
[8] Wiermair, K.,Bieger, T., „Tourism Education in Austria and Switzerland:Past Problems and Future Challenges”, Journal of teaching in travel and tourism, Vol.5, N 1-2, p.39-60, 2005

имале 99 насоки поврзани со туризмот[9]. Од нив 49 насоки (нешто помалку од 50%) се наоѓале на департмани за Бизнис и менаџмент, а останатите биле на департмани за Туризам, угостителство, спорт, географија, социологија и др[10].

Што се однесува до предметите од областа на економските науки[11] кои се изучуваат на насоките поврзани со туризмот на Универзитетите во нашата земја, може да се заклучи дека нема големи разлики помеѓу Универзитетите.

Табела 2

**Предмети од областа на економските науки кои се изучуваат на насоките поврзани со туризмот на Универзитетите во нашата земја**

| **Универзитет** | „Гоце Делчев” | „Св. Климент Охридски” | Универзитет за туризам и менаџмент | МИТ Универзитет | „Св. Кирил и Методиј” |
|---|---|---|---|---|---|
| **Факултети** | Факултет за туризам и бизнис логистика | Факултет за туризам и угостителство | 1. Факултет за туризам,<br>2. Факултет за спортски туризам | 1. Факултет за еколошки и рурален туризам,<br>2. Академија за гастрономија | Природно математички факултет, Институт за географија |
| **Насоки** | 1. Гастрономија, исхрана и диететика,<br>2. Туризам,<br>3. Хотелско-ресторанска | 1. Гастрономија,<br>2. Туризам,<br>3. Хотелско-ресторанска,<br>4. Гастрономија, исхрана и диететика | 1. Туризам,<br>2. Спортски туризам | 1. Менаџмент на еколошки и рурален туризам,<br>2. Академија за гастрономија | 1. Туризам |
| **Предмети** | 1. Економија на угостителство<br>2. Економика на туризмот работење<br>3. Маркетинг во угостителство | 1. Маркетинг во туризмот<br>2. Економика и организација на угостителството<br>3. Меѓународна трговија и туризам | 1. Маркетинг во туризмот | 1. Економика и организација на работењето на угостителските фирми<br>2. Економика и организацијана туризмот<br>3. Деловнопланирање вотуризмот и угостителството<br>4. Маркетинг во туризмот | 1. Економика на туризмот<br>2. Маркетинг во туризмот<br>3. Туризмот и меѓународното стопанство |

Извор: Официјалните веб страни на овие институции, 2012 г. и брошури земени од штандовите на Саемот за образование 2012 г.

Факултетите во своите програми имаат предмети како: Економика на туризмот, Економика на угостителството, Маркетинг во туризмот, Маркетинг во угостителството, Деловно планирање во туризмот и угостителството и Туризмот и меѓународното стопанство. Исто така во своите програми изучуваат економски предмети како: Сметководство, Надворешно трговско и девизно работење, Претприемништво и мал бизнис, Деловно планирање, Економија, Финансиски менаџмент, Економика на претпријатија, Основи на

[9]Airey, D., Johnson, D., „The profile of tourism studies degree courses in the UK: 1997/98“,National Liaison Group Guideline No. 7, London: NLG, 1997

[10]Tribe, J., Wickens, E., eds., „Critical issues in tourism education“, ATHE Publication N.14, 2004

[11]„Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација“, Службен весник на Република Македонија, бр.103, 2010

економија, Применета економија и др. Меѓутоа овие предмети во својот наслов не содржат туризам. Најмногу вакви предмети во својата програма има вклучено Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје.

Со оглед на фактот што ефектите од туризмот, многу тешко можат реално да се измерат, првенствено заради недостаток од целосно разбирање и идентификување на севкупната туристичка активност, но и како резултат на инсифициентност на егзактни податоци, многу тешко може да се согледа и неговата улога во рамките на националните економии. Имено, непостоењето на адекватни индикатори со кои може да се поткрепи соодветната улога на туризмот, често пати може да доведе до маргинализација на туризмот во развојните размислувања. Надминувањето на ваквата состојба бара поцелосно разбирање на економските аспекти на туризмот што може да се обезбеди преку соодветниот третман на економијата на туризмот во рамките на студиските програми од областа на туризмот.

## 3. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ИЗУЧУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ТУРИЗМОТ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ ОД БАЛКАНОТ И НАШАТА ЗЕМЈА

Со цел да согледаме каква е состојбата во поглед на изучувањето на економијата на туризмот во соседните земји, направен е преглед на студиските програми во рамките на некои поистакнати високо образовни институции од областа на туризмот. (Табела 3).

Табела 3

**Предмети од областа на економските науки кои се изучуваат на насоките поврзани со туризмот на Универзитетите во одбрани земји од балканот**

| **Универзитет** | „Св.Климент Охридски”, Софија, Бугарија | „Универзитет во Ријека”, Опатија, Хрватска | Универзитет „Сингидунум“, Белград, Србија (приватен Универзитет) | „Универзитет во Приморска“, Порторош, Словенија | „Универзитет на Црна Гора”, Котор, Црна Гора |
|---|---|---|---|---|---|
| **Факултети** | Геолого-географски факултет | Факултет за менаџмент во туризмот и угостителството | 1. Факултет за туристички и хотелски менаџмент | 1. Факултет за туризам | 1. Факултет за туризам и хотелиерство |
| **Насоки** | 1. Туризам | 1. Менаџмент во туризмот<br>2. Менаџмент во хотелиерството | 1. Туризам,<br>2. Хотелиерство<br>3. Гастрономија | 1. Менаџмент на туристички дестинации,<br>2. Јазична медиација во туризмот,<br>3. Бизнис системи во туризмот | 1. Туризам,<br>2. Хотелиерство |
| **Предмети** | 1. Туристичка побарувачка и однесување<br>2. Маркетинг во туризмот | 1. Економика на туризмот<br>2. Промет во туризмот<br>3. Економика на угостителските претпријатија<br>4. Маркетинг во хотелиерството<br>5. Бизнис туризам | 1. Економика на туризмот<br>2. Маркетинг во туризмот и хотелиерството<br>3. Финансиско работење во туризмот<br>4. Економско финансиска анализа во туризмот и | 1. Економика натуристичките претпријатија<br>2. Сметководство во туризмот<br>3. Вовед во маркетинг во туризмот<br>4. Маркетинг истражувања во туризмот | 1. Маркетинг во туризмот<br>2. Маркетинг комуницирање во хотелиерството<br>3. Маркетинг во хотелиерството<br>4. Финансиски менаџмент во хотелиерството |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | хотелиерството | | 5. Финансиски менаџмент во туризмот |

Извор: Официјалните веб страни на овие институции, 2012 г.

Врз основа на податоците изнесени во Табела 3, може да се констатира дека земјите од нашето непосредно опкружување имаат сличен пристап во однос на изучувањето на економијата на туризмот. Имено, без оглед на малите вариации во однос на дефинираните насоки во рамките на нивните студиски програми, акцентот се става на изучувањето на економиката, маркетингот, менаџментот и евентуално финансикиот менаџмент. Факт е дека ваквите предметни програми им овозможуваат на студентите да се стекнат со соодветни знаења кои ќе им овозможат нивно работно ангажирање во секторот, но исто така е евидентно, дека ваквиот пристап во изучувањето на економијата на туризмот по својот карактер е традиционален и како таков не е многу прилагоден кон соодветните тенденции во глобалната економија. Вработените кои поседуваат вакви традиционални, пред се базични знаења за економијата на туризмот, многу тешко можат да дадат свој проактивен придонес во развојот на организациите во кои го засниваат својот работен однос, било да се работи за реалниот или јавниот сектор.

ЗАКЛУЧОК

Промените што се случуваат на светската економска и туристичка сцена, како резултат на техничко-технолошките предизвици, јасно укажуваат на фактот дека знаењето е еден од најзначајните фактори што може да обезбеди одржливост на развојот на економијата воопшто, а со тоа и на туризмот. Ова дотолку повеќе, доколку се има предвид карактерот на туристичкиот сектор и доминантното значење на човечкиот фактор во однос на неговото функционирање и развој.

Развојот на туризмот како општествено-економски феномен, секогаш се поврзува со развојот на техничко - технолошкиот развој и развојот на науката. Оттука, современите сознанија треба навремено да се инкорпорираат во образовниот процес, а наставните програми континуирано да се унапредуваат. Како генератор на знаењето, во современи услови се јавуваат информациите, трансферот и комуникациската технологија, оттука наставните програми треба постојано да се надополнуваат со нови содржини соодветни на современите трендови во работењето на туристичкиот сектор и современите научни достигнувања во доменот на економската наука. Исто така, би било потребно да се воведуваат и нови наставни предмети што би им овозможиле на студентите проактивно да размислуваат да бидат иновативни и креативни, но и да им овозможат стекнување на знаења кои би ја зголемиле нивната ефикасност во услови на дигитализација на економијата при вклучување во работниот процес.

Факт е дека се направени извесни позитивни поместувања во поглед на подобрувањето на застапеноста на студиските програми од доменот на туризмот и нивниот квалитет, но исто така е факт дека во креирањето на студиските програми на високо образовните институции во туризмот повеќе сме свртени кон традицијата отколку инспирирани од современите збиднувања. Неопходно е да се потсетиме дека живееме во услови на општество базирано на знаења, дека знаењето е основен двигател на економијата и истото да се има предвид при профилирањето на кадри од кои зависи иднината на туризмот и неговоти економски ефекти врз националната економија во нашата земја.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Airey, D., Johnson, D., „The profile of tourism studies degree courses in the UK: 1997/98“, National Liaison Group Guideline No. 7, London: NLG, 1997
2. Airey, D., Tribe, J., eds., „An international handbook of tourism education“, Elsevier, 2005
3. Cohen, E., „The sociology of tourism: approaches, issues and findings”, Annual review of sociology, Vol.10, p.373, 1984

4. Dann, G., Parrinello, G., eds., „The Sociology of Tourism European Origins and Developments”, Emerald Group Publishing Limited, UK, 2009
5. Dwyer, L., Forsyth, P., eds., „International handbook on the economics of tourism“,Edward Elgar Publishing Limited, 2006
6. Goeldner, R., Brent, R., „Tourism: principles, practices, philosophies“, John Wiley and Sons, 2009
7. Kumar, J.L., „The encyclopedia of tourism in 21st century”, Anmol Publications PVT.Ltd., New Delhi, 2005
8. „Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација“, Службен весник на Република Македонија, бр.103, 2010
9. Мариноски, Н., „Основи на туристичка теорија и практика”, ФТУ, Охрид, 2008
10. Муќиновиќ, Љ., „Современ лексикон на странски зборови и изрази”, Наша книга, Скопје, 1990
11. Novelli, M., ed., “Niche tourism: contemporary issues, trends and cases”, Butterworth-Heinemann/Elsevier, 2005
12. Tribe, J., Wickens, E., eds., „Critical issues in tourism education“, ATHE Publication N.14, 2004
13. Wiermair, K., Bieger, T., „Tourism Education in Austria and Switzerland:Past Problems and Future Challenges”, Journal of teaching in travel and tourism, Vol.5, N 1-2, p.39-60, 2005

ИНТЕРНЕТ СТРАНИ

www.mit.edu.mk
www.unite.edu.mk
www.ftu.uklo.edu.mk
www.ugd.edu.mk
www.igeografija.mk
www.utms.edu.mk
www.fthm.uniri.hr
www.ucg.ac.me
www.turistica.si
www.singidunum.ac.rs
www.uni-sofia.bg
http://media.unwto.org/en/press-release/2012-01-16/international-tourism-reach-one-billion-2012